**ESI** за потребите на **ОКТА АД - Скопје** бара

# ОПЕРАТОР ПАРНИ ГЕНЕРАТОРИ (реон Скопје)

## РАБОТНИ ЗАДАЧИ И ОДГОВОРНОСТИ:

- ✓ Самостојно водење и контрола на технолошкиот процес на производство на водена пареа, врз основа на покажувањето на мерните инструменти, инструкции, упатства и технолошки шеми;
- ✓ Подготвување, вклучување и исклучување на опремата со која се управува;
- ✓ Извршување на активности кои се спроведуваат секојдневно и периодично за постигнување на поголема сигурност и економичност во работата на опремата;
- ✓ Учество во испитувањето на технолошката заштита, сигнализација и блокада на опремата;
- ✓ Контрола на постројките, забележување на неисправности, исклучување на неисправната опрема и вклучување на резервната по потреба;
- ✓ Обезбедување на услови за безбедна работа на персоналот за одржување, врз основа на инструкции од претпоставениот;
- ✓ Спроведување погонска анализа за квалитетот на омекнатата вода и напојната вода;
- ✓ Учество во отстранувањето на последиците од хаварии на опремата;
- ✓ Учествува во периодични и генерални ремонтни активности на парните генератори
- ✓ Проверка на цевоводите за пареа, кондензат, свежа вода, гориво за ложење на инсталацијата
- ✓ Размена на информации со другите учесници во технолошкиот процес и корисници на технолошка пареа;
- ✓ Одржување на редот и хигиената на постројките на технолошка пареа и нивна околина;
- ✓ Извршување на други задачи од доменот на стручна квалификација, по налог на претпоставениот.

## ПОТРЕБНИ КВАЛИФИКАЦИИ

- ✓ Средна стручна спрема - Машинство, Електротехника, Енергетика;
- ✓ Положен испит за стручна оспособеност за ракување со котларници со АТК;
- ✓ Претходно работно искуство во делот на работа со пумпи, инструментална и друга слична опрема, работа со нафтени деривати, работа на терен, работа со САП информациски систем ќе се смета за предност;
- ✓ Основно познавање на англиски јазик;
- ✓ Основно познавање на MS Office;
- ✓ Б-категорија возачка дозвола.

**ПОТРЕБНИ ВЕШТИНИ И СПОСОБНОСТИ**

- ✓ Добра психо-физичка кондиција, иницијативност и мобилност;
- ✓ Способност за работа на висина, на отворено, во услови на зголемени испарувања на нафтени деривати, во услови на бучава;
- ✓ Комуникациски вештини, ориентираност кон тимска работа, организациски вештини, одговорност, доверливост, чесност, лојалност, непристрасност.

**НУДИМЕ**

- ✓ Работа во позитивна средина со можност за напредување;
- ✓ Интерна обука за работното место;
- ✓ Конкурентна плата ;
- ✓ Сменско работење: три смени 07:00-15:00 прва смена, 15:00-23:00 втора смена, 23:00-07:00 трета смена;
- ✓ Организиран превоз од компанијата, до и од работно место;
- ✓ Организирана исхрана од компанијата;
- ✓ Други бенефиции согласно политиките на компанијата.

Доколку ги исполнувате наведените критериуми, своите биографии испратете ги на **rabota@esi.mk** и наведете ја позицијата за која аплицирате.

ЕСИ (Employment Services International)

ул. Костурски херои 62/1,1000 Скопје

Т: +389 2 3246-899, Ф: +389 2 3246-897
**rabota@esi.mk**, **www.esi.mk**